З А П И С Н И К

од првиот состанок на Комисијата на Агенцијата за електронски комуникации

за 2026 година

Првиот состанок на Комисијата на Агенцијата за електронски комуникации, свикан од Претседателот на Комисијата се одржа на ден 26.01.2026 година во 12:00 часот.

Присутни: Проф. д-р Орце Симов, д-р Адмирим Алити, Анѓелка Диневска, Насер Адеми, Анкица Трпковска и Директорот на Агенцијата за електронски комуникации Јетон Акику.

Согласно деловникот за работа на Комисијата, Директорот ги испрати пристигнатите материјали до сите членови на Комисијата како и предлог- Дневен ред:

1. Усвојување на дневниот ред за првиот состанок на Комисијата на Агенцијата за електронски комуникации во 2026 година;
2. Усвојување на записникот од триесет и деветтиот состанок на Комисијата на Агенцијата за електронски комуникации во 2025 година;
3. Разгледување на Предлог-Годишен План за јавни набавки на Агенцијата за електронски комуникации за 2026 година, доставен од Директорот на Агенцијата за електронски комуникации, заведен под број 2302-22/1 од 23.01.2026 година;
4. Разно.

Претседателот на Комисијата на Агенцијата за електронски комуникации го отвори состанокот и го предложи дневниот ред на усвојување. Сите присутни членови на Комисијата се согласија и го усвоија Предлог дневниот ред за првиот состанок на Комисијата на Агенцијата за електронски комуникации во 2026 година.

Потоа членовите на Комисијата пристапија кон разгледување на точка 2 од Дневниот ред, по што го усвоија записникот од претходниот состанокот.

Во врска со точка 3, Комисијата на Агенцијата за електронски комуникации го разгледа Предлог-Годишниот план за јавни набавки на Агенцијата за електронски комуникации за 2026 година, доставен од Директорот на Агенцијата за електронски комуникации, заведен под број 2302-22/1 од 23.01.2026 година. На состанокот беше повикана раководителката на Секторот за јавни набавки истиот да го образложи.

Под точка разно немаше дискусија.

Седницата заврши во 14:00 часот.

Проф. д-р Орце Симов, претседател_____

Анкица Трпковска, заменик претседател_____

Анѓелка Диневска, член_____

Насер Адеми, член_____

Д-р Адмирим Алити ----------

Наш број 1102 – 2/2

Скопје 26.01.2026 година